Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња

**СТАЦИОНАР – ЛАНА** Струмица

Ул. ДИМИТАР ГАЛЕВ БР.1 Б СТРУМИЦА

E-mail: info@lana.mk

Тел: 070- 275-615

www.lana.mk

Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА
Бр. 03-553/1
15-12 2025 год.
Струмица

# П Р О Г Р А М А  И  П Л А Н

**ЗА ХУМАН ТРЕТМАН И БЛАГОСОСТОЈБА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА**

**ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЗАЛОВУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА ЗА 2026 ГОДИНА**

**ЕДУКАТИВЕН ПЛАН СТАЦИОНАР-ЛАНА СТРУМИЦА ЗА 2026 ГОДИНА**

**Струмица, декември 2025 год.**

1. Вовед

Со програмата за хуман третман и благосостојба на бездомните кучиња на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица се утврдуваат организацијата, методите на работа, активностите, мерките, интервенциите и третманот на бездомните кучиња, со кои ќе се обезбеди хумано, трајно и ефикасно намалување на нивниот број на подрачјето на Општина Струмица.

Најефикасно намалување на популацијата на бездомните кучиња е со контрола на нивната популација. Секоја Општина сама за себе е само мал сегмент во реализацијата на таа цел. Доколку секоја Општина се залага за решавање на овој проблем и даде свој допринос ке има видливи резултати.

Контролата на популацијата на бездомни кучиња претставува голем проблем во нашето општество, предизвикува поделеност, интензивна јавна и политичка дебата и како таков, неговото решавање претставува еден од главните предизвици со кои се соочуваме. Спроведувањето на контролата на популацијата на бездомни кучиња, треба да се реализира на хуман, стручен и безбеден начин, со цел да се заштити здравјето и благосостојбата на кучињата, да се обезбедат придобивки за јавноста, јавното здравје и животната средина. Овој план и програма што ја презентираме е одржлива и позитивно прифатена од јавноста, при што јавните ресурси би се користеле на најдобар начин со цел да се постигне поефикасна контрола на популацијата на кучињата. Краен ефект треба да е намалување на бројот на бездомните кучиња и создавање на добар и ефикасен систем за одговорно сопственииштво.

Перцепцијата на јавноста за популацијата на бездомните кучиња значително се разликува поради варијацијата во ставовите на луѓето кон кучињата.

Некои луѓе се љубители на кучиња и воопшто не го перципираат оваа како проблем кој што има импакт врз здравјото и квалитетот на живеење на останатите жители во општина Стрмица. И да, има луѓе во друга крајност, кои многу се плашат од нив (бездомни кучиња) и ги чувствуваат како закана за

нивното лично здравје, ограничување на нивното движење т.е квалитет на живот на јавните површини/места во општината. Затоа, не постои единствена интервенција што ќе одговори на сите овие разлики.

Бројот на популацијата на бездомни кучиња кои веке се третирани во Стационарот Лана е познат – 750 бездомни кучиња, само на територијата на Општина Струмица.

Повторното појавување на нови веќе големи (возрасни) единки на бездомни кучиња на територијата на Општина Струмица изнудува интервенција и потреба од воспоставување на солидна рамка за постојан мониторинг на планот и програмата за работа и да се насочи кон мерките и интервенциите кои се спроведуваат врз бездомната популација на кучињата, а треба да биде фокусирана и на причините за проблемот, што значи дека е потребно идентифицирање на изворите што доведуваат до појава на нови бездомни кучиња..

Програмата има за цел да обезбеди континуирана работа и развој на претпријатието,согласно Законот за заштита и благосостојба на животните,Законот за ветеринарно здравство, Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта.

ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица, доколку постои интерес за тоа и по однапред утврден договор, ќе делува и на подрачјето на општините со кои ќе склучи договор за соработка за заловување и третман на бездомни кучиња на нивна територија. Претходните три години учевствувавме на јавни набавки распишани од други општини за заловување и третман на бездомни кучиња , кај некои од нив бевме и избрани за понудувач со најповолна понуда. На истите учевствувавме по претходно одобрен ценовник од Управниот одбор на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица и Советот на Општина Струмица, а кој е усогласен со минималниот ценовник на Ветеринарната комора на РСМ .

ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица ќе воспостави мониторинг и контрола на материјално-финансиското работење и транспарентност во работењето со изготвување на месечни, тримесечни и годишни извештаи, согласно законите за Финансиско работење.

## 2. Опсег на работа

ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица ќе работи со бездомни кучиња на територија на Општина Струмица како и со кучиња за кои сопствениците не можат или не сакаат да се грижат. Бездомно куче е секое куче кое не е придружувано од одговорно лице (сопственик), напуштено од неговиот сопственик, во било која старосна категорија. Кучиња под 7 (седум) месечна возраст не се предмет на работа на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица, бидејќи истите немаат достигнато полова зрелост,односно не можат да бидат стерилизирани/кастрирани,а од друга страна спаѓаат во најризичната група на приемчивост кон заразните вирусни болести и кои имаат висок процент на морбидитет и морталитет.

## 3. Методи на работа

Оваа програма се заснова на методот „залови-стерилизирај-вакцинирај-врати", кој е еден од најшироко применуваните методи во цел свет и кој со методите на едукација и регистрација , овозможува систематско и трајно намалување на популацијата на бездомни кучиња на одредена територија.Со тоа се намалува и ризикот од нарушување на јавното здравје (болести кои се пренесуваат од куче на човек-зоонози, опасност од напади и каснувања),загадување на животната средина (остатоци од храна, фекалии, бучава од лаење и завивање), оштетување на имот и друго

**Основна метода** на работа на претпријатието е методата „Залови-стерилизирај-вакцинирај-врати„ која вклучува: заловување, ветеринарен

преглед, тест за социјализација, крвна проба, тестирање за векторски преносливи болести (лајшманија – акредитирана метода), третман за внатрешни и надворешни паразити, стерилизација/кастрација, вакцинација, чипирање, обележување со ушна маркица, отворена можност за вдомување, според пропишана законска рамка, дополнително уредена со Правилникот за внатрешна организација на Јавното претпријатие, по кое се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. При строго утврдени состојби предвидени со закон може да се примени и евтаназија, при исцрпеност на сите останати можности. Според програмата ќе се заловуваат регистрирани и нерегистрирани кучиња на јавни површини, без сопственик. Оваа метода на работа во овој момент е признаена од сите релевантни светски институции и се применува во земјите каде има пораст на популацијата на бездомни кучиња.

**Втор метод** на работа е зголемување на јавната свест. Јавното претпријатие спроведува едукации насочени кон јавноста со цел зголемување на јавната свест за бездомните животни, преку едукативни настани во рамките на претпријатието, надворешни активности во соработка со други институции, здруженија, други прифатилишта,донатори и други.

**Трет метод** на контрола на бездомната популација е измени во законската регулатива. Тоа треба да се изведе заедно во корелација и соработка со други надлежни инспекциски органи и инстититуции на повисоко ниво, односно, измени на постоечката легислатива и имплементација на истата, во однос на зајакнување на мерките за одговорно сопственишто , како и Унапредување на Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство (ВИС – систем). Мораме да укажеме дека имаме воспоставено одлична кореспонденција за решавање на техничките проблеми со кои наидуваме во текот на работата.

- За да има помалку бездомни кучиња на улица потребно е од надлежните институции да се воспостави систем на контрола на репродукција на кучиња во регистрираните одгледувачници и трговијата со кучиња.
- Надлежните испекторати преку измена на законски, подзаконски акти да ги зголемат казните за неодговорно сопственишто;

- Воспоставување на систем за мониторинг на заштита на животната средина поврзана со бездомната популација на кучиња (утврдување и контрола на изворите на хранење на бездомните кучиња, како и нивното влијание во загадувањето на животната средина.

**4. План за работа**

Јавното претпријатие за благосостојба на животни скитници Стационар-Лана Струмица плански ќе работи на решавање на проблемот со бездомните кучиња,при што ќе ги користи сите расположливи ресурси. За таа цел овој план и програма за работа на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица за заловување и третман на кучињата се темели врз основа на два принципа, едниот е интервентно делување при пријава за каснување или агресивно куче, и стратешко делување кое ќе биде според однапред изготвен план за делување, најнапред во реоните со најголем број на бездомни кучиња,а потоа и во останатите делови на Општината. Во 2026 година се предвидува заловување и третирање на околу 500 единки.

Активностите за хумано третирање на бездомни животни подразбираат:

-заловување на животните,

- нивен транспорт до стационарот,

-прием и преглед од ветеринарен лекар

- лабораториско испитување на животните за одредени болести

- идентификација и водење евиденција (чип и ушна маркичка, пасош),

- овариохистеректомија и орхиектомија,

- постоперативно сместување, лекување и нега

- вакцинација и дехелментизација

- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето

- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени

- евтаназија на многу болни и екстремно агресивни животни, доколку не се вдомат, согласно законските прописи.

***Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.***

## 5. Заловување и транспорт

Заловувањето на кучињата ќе се врши согласно планот и програмата која ќе биде одобрена од Агенцијата за храна и ветеринарство, а во која се наведени приближен број на кучиња кои ќе бидат заловени како и локациите на кои ќе се врши заловувањето.

Во ЈПЗБК Стационар - Лана Струмица заловувањето се врши на два начина

- Интервентно по пријава за појава, напад или каснување на агресивни кучиња
- Стратешки во претходно дефинирани зони.

При изготвувањето на планот за работа, ќе бидат земени во предвид и ќе се започне со работа од таканаречените приоритетни области и локации со висок ризик.

Со оглед на тоа дека процесот на заловување на бездомните кучиња претставува постапка која предизвикува стрес и траума кај кучињата,истата се изведува од лица кои имаат поминато соодветна обука и се имаат здобиено со сертификат за користење на методите за хумано заловување, опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило, јамки и мрежи за заловување, дувалки, околувратници и поводници, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни (налог за заловување, читач на мирочип и друго). При заловувањето, треба веднаш да се евидентира датумот и точната локација на заловување на кучето и податоците да се внесат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство. За време на заловувањето може да има присуство на членови на здруженија за заштита на животните, граѓански активисти кои имаат соодветна подготовка, го познаваат теренот и ја познаваат проблематиката и кучињата. Транспортот од местото на заловување до стационарот ќе се врши со 2 специјални опремени возила со по 6 вградени кафези за сместување на животните. Униформите и возилата ќе бидат видно обележени со назнаките и логото на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица.

## 6. Прием и медицински третман

По приемот, секое заловено животно се носи во просторијата за прием каде се прегледува од доктор по ветеринарна медицина и истото се евидентира и регистрира во системот на прифатилиштето. Во карантинскиот дел од стационарот, новопримените кучиња престојуваат до добивање на резултатите од крвната анализа и тестовите за одредени болести, во кој период се прави и тестот за социјализација. По добиените резултати и по одобрување од ветеринарниот лекар, кучињата може да се префрлат во просториите за престој и врз нив во најкраток рок треба да се извршат сите интервенции согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните: хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити и обележува (со ушна маркица и чип) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Стерилизација / кастрација (овариохистеректомија и орхиектомија) на женските и машките животни е најефикасната мерка со која се спречува неконтролираното размножување и истата се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се подложуваат на кастрација или стерилизација. По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во постоперативниот дел каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, каде им се врши редовно хранење и се под постојан ветеринарен надзор. Боксовите во стационарот редовно се чистат и се дезинфицираат, а се врши и дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот простор на стационарот.

Кучињата кои нема да се вдомат, обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

## 7. Посвојување и вдомување

Според програмата за работа на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица по стерилизација/кастрација на животното, тоа останува во стационарот уште 14 до 20 дена или максимум 30 дена од денот на прием, во кој период активно ќе му се бара дом. ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица соработува со здруженијата за заштита на животни, активистите, заинтересираните граѓани, организира активности, објавува фотографии и видеа на интернет страната на прифатилиштето и на социјалните мрежи, се со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување миленик.

Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани, стерилизирани/кастрирани и да имаат микрочип. Граѓаните може да видат фотографии од животните кои се објавени за вдомување, како и да се информираат за сите активности и работењето на стационарот преку активна примена на мултифункционална веб страна, воедно објавува фотографии од животните за вдомување на социјалните медиуми како Фејсбук, Инстаграм и др. Секој граѓанин кој ќе сака да вдоми куче најпрво ќе мора да пополни прашалник за вдомување, со внесување на своите лични податоци, потоа ќе се изврши разговор со стручно лице вработено во стационарот за да се процени дали вдомувачот е соодветен и би бил одговорен сопственик. По разговорот и пополнетиот прашалник, доколку вдомувачот е соодветен, ќе оствари контакт со животното кое сака да го вдоми, минимум два пати пред да му биде дадено за вдомување и ќе поднесе барање за вдомување со кој се уредува преносот на сопственоста, односно заведување на микрочипот во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство, на име на вдомувачот.

Вработени од стационарот имаат обврска да го посетат или преку видео врска да го контактираат вдомувачот со цел да се утврди дали го чува соодветно и во согласност со Законот за благосостојба на животните.

## 8. Евтаназија

Одлуката за извршување евтаназија може да ја донесе и спроведе само ветеринарниот лекар исклучиво како последна опција во случај на смртно болни или повредени кучиња, кои се во терминален стадиум на болеста или

повредата, и е невозможно да се елиминира болката, како и во случаи кога станува збор за агресивно животно кое на тестот за социјализација е прогласено за опасно куче (објавено на веб страницана на lana.mk, и во период од 30 дена се нема јавено соодветен вдомувач за истото) , или куче заловено по пријава за каснување, (објавено на веб страницана на lana.mk, и во период од 30 дена се нема јавено соодветен вдомувач за истото) а за кое нема можност за ресоцијализација или вдомување.

На секое заловено бездомно куче му се зема крвна проба која се доставува за анализа во Ветеринарниот факултет во Скопје, каде со молекуларна метода, се анализира и проверува дали бездомното куче е болно од лајшманија- тешка зоонозна болест (т.е. болест пренослива и на луѓе). Ако е позитивно и во овој случај се применува оваа мерка.

## 9. Мониторинг и контрола на популацијата на бездомни кучишта

Мониторингот ќе ги содржи следните елементи:

- Број на вратени бездомни кучиња во одреден регион од Општина Струмица.
- Карактеристика на таа популација на кучиња ( раса, пол старост идр.)
- Извори на храна, места на сместување,
- Список и контакт на граѓани кои се грижат за тие кучиња како и план за континуиран контакт и препораки за тие граѓани.

Со цел да се намали приливот на бездомни кучиња и да се заштитат граѓаните, прифатилиштето постојано е на располагање на граѓаните кои ќе пријавуваат изгубени животни, или пак нападнати граѓани од страна на бездомни кучиња. При секој поединечен повик или посета на прифатилиштето за да се пријави изгубено животно или да се вдоми бездомно куче, ќе се пополнуваат формулари, кои ќе бидат заведени во регистарот и ќе се проверуваат секогаш кога ќе се донесе бездомно куче во прифатилиштето .

## 10. Волонтирање

Прифатилиштето е отворено за волонтери кои може да помагаат повремено со различни активности според потребата и планот за работа. Активностите кои волонтерите можат да ги изведуваат се напојување и хранење на животните, бањање, стрижење и чешлање на животните, социјализација и шетање, фотографирање на животните за вдомување, учество во тимовите за заловување и нивна асистенција, учество во активности за зголемување на јавната свест.

Во зависност од можноста и стручноста на волонтерите, ќе им биде обезбедена едукација за нивно правилно работење во рамките на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица како и делегирање на права и обврски при вршење на нивната волонтерска работа. Волонтери може да бидат поединци, членови на здруженија за заштита на животните, членови на различни граѓански асоцијации, студенти и ученици и секој од нив треба да пополни апликација за волонтерство.

## 11. Финансирање

Според оваа програма, средствата за работа на претпријатието се обезбедуваат од:

- Буџетот на Општина Струмица;
- Приходи од договори со други општини реализирани од остварување на дејноста на работата
- Донации;
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон, Одлуки наСоветот на Општина Струмица и други акти на основачот.

## ПЛАН ЗА ЕДУКАЦИЈА

Со оваа Програма се планира и имплементација на Едукативниот план за 2026 како една целина. Односно се предвидува и едукација и информирање на пошироката јавност за ефективно и долгорочно намалување на популацијата на бездомни кучиња. За таа цел потребно е да се организираат кампањи, во кои ќе бидат вклучени училиштата, установите, организациите и медиумите, а кои ќе имаат за цел да се поттикнат граѓаните да вдомат, да се воведе концептот на одговорно сопственишто и да се информираат граѓаните за важноста од стерилизација/кастрација, вакцинација , идентификација и регистрација за контрола на популацијата на бездомни кучиња, да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување, како и да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

Со план и програмата за работа на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица и со Едукативниот план за 2026 инплементиран во овој План ќе се предвиди организирање на едукативни настани и програми чија цел ќе биде едуцирање и информирање на граѓаните за одговорното сопственишто, придобивките од од вдомување и чување миленик, информирање за здравјето и благосостојбата на милениците и општото јавно добро.

Ќе се одработуваат теми од области важни за одгледување на животните со посебен осврт на домашните миленици. Акцискиот план освен едукативен дел ќе содржи и социјален карактер при што ќе се организираат неформални средби и настани кои ќе имаат за цел да ја помогнат стратегијата за вдомување на бездомните животни преку што ќе се придонесе кон подигање на свеста на јавноста за проблемите со бездомните животни.

Истражувања од многу Европски земји покажале дека социјализацијата со кучиња влијае позитивно на психичкото и физичкото здравје на луѓето. Воедно ќе се даде придонес кон спроведување на програмите за одговорно сопственишто со цел намалување на бројот на напуштени животни.

Со овој План се предвидува да се интензивира едукацијата и информирањето на пошироката јавност за ефективно и долгорочно намалување на популацијата на бездомни кучиња.

За таа цел потребно е да се организираат кампањи,во кои ќе бидат вклучени училиштата, установите, организациите и медиумите,а кои ќе имаат за цел:

1. Да се воведе концептот на одговорно сопственииштво, важноста од стерилизација,вакцинација, идентификација и регистрација за контрола на популацијата на бездомни кучиња;
2. Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
3. Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
4. Да се поттикнат граѓаните да вдомат куче од прифатилиште;
5. Изработка на интерактивна web страница
6. Организирање едукативни посети од ученици од основни и средни училишта.
7. Едукација на децата уште од предучилишна возраст.
8. Соработка со Ветеринарен факултет Скопје. Едуцирање на идниот ветеринарен работен кадар, помош и поддршка во нивната истражувачка работа.
9. Други соодветни настани и активности во насока на едуцирање и информирање на пошироката јавност.

ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА СТРУМИЦА

В.Д. Директор

Томе Михаилов

СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица